ИНИЦИЈАТОРИ:

**ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА „О2 КОАЛИЦИЈА ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ“**
**Скопје, 6 декември, 2017**

Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Скопје
Еколошка Групација Грин Пауер – Велес
Еколошко здружение – Движење Еко Герила – Тетово
Здружение на граѓани Спас за Нас – Гевгелија
Здружение за развој, едукација и еколошка етика Полимат 13 – Богданци
Здружение Еко Правда – Валандово
Еколошко здружение Здрава Котлина – Струмица
Еколошко Здружение Еко Долина – Ново Село
Граѓанска иницијатива „Struganët për Strugën/ Стружани за Струга“ – Струга
Граѓанска иницијатива „Охрид SOS“ – Охрид
Граѓанска иницијатива „Куманово бара чист воздух / Kumanova kërkon ajër të pastërt“ – Куманово
Илија Балтовски – Битола
Душко Груевски – Битола

**ДО:**

**Влада на Република Македонија**
**Претседател на Владата на Република Македонија**

**ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ ЗА РЕДИСТРИБУЦИЈА НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА КОН ЗГОЛЕМЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО И ЗАПИРАЊЕ НА РУДНИЦИТЕ**

Почитуван,

Г-дин Зоран Заев, Претседател на Владата на Република Македонија,

Република Македонија во континуитет ги прекршува, не ги почитува правата поврзани со животната средина кои произлегуваат од

правата на детето, со кршење на член 3(1)*, 4, 6, 12, 24(2ц), 31 од ратификуваната конвенција за правата на детето,
*Според Комитетот на ОН за правата на детето, вклучува активности кои индиректно влијаат на децата, како тие поврзани со животната средина.

Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи,

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права,

редица ратификувани конвенции поврзани со животната средина, како

- Протоколот за Регистар на загадувачи и пренос на загадувачки материи,
- Стокхолмската Конвенција,
- Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени,
- Протоколот од Кјото,
- Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот,
- Протколот за POPs,
- Протоколот за тешки метали,
- Гетебуршкиот протокол,
- Архуската,
- Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство,
- Европската Конвенција за пределот,
- Конвенцијата на ОН за борба против опустинувањето,
- Конвенцијата за биолошка разновидност,
- Рамсарската,
- Бернската,

декларации и резолуции, како

- Декларацијата од конференцијата на ОН за човековата животна средина,
- Декларацијата од Рио за животна средина и развој,
- УНЕСКО Декларацијата за одговорностите на сегашните генерации кон идните генерации,
- Резолуцијата на Советот за човекови права на Обединетите Нации A/HRC/RES/17/4, A/HRC/RES/25/21, A/HRC/RES/31/8, A/HRC/RES/34/20,
- Резолуцијата на Комисијата за човекови права на Обединетите Нации E/CN.4/RES/2005/60,
- Резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите Нации A/RES/44/228, A/RES/68/157, A/RES/70/1,

Уставот на Република Македонија, член 2, 8, 43, 55.

Сегашната состојба го отсликува континуитетот на кршење на правата на детето и човекот на здрава животна средина, заштитени преку ратификуваните Конвенции, Декларации и Резолуции на Обединетите Нации, Уставот на РМ. Сериозноста на ситуацијата во која се наоѓа Република Македонија во поглед на загаденоста и деградацијата на животната средина, количината на проблеми насобрани поради нивното децениско игнорирање бара максимална посветеност и вклученост за ерадикација на изворот на проблемот и санирање на последиците.
Предложениот Буџет на РМ за 2018 не ја отсликува сериозноста на ситуацијата и посветеноста на Владата на Република Македонија кон решавањето на овој алармирачки проблем.

Ние, горе наведените, бараме редистрибуција на буџетските средства и обезбедување на средства, не помалку од 2.5% за Заштита на животната средина од вкупните расходи, за:

- ремедијација и санација на **СИТЕ** 16 жешки точки во Република Македонија, вклучително и стари индустриски локалитети како депонијата со хромна јаловина на рудникот Радуша, во првата заштитна зона на изворот Рашче

- идентификување на илегалната депонија на линдан надвор од ОХИС, пред Драчево и покривање на истата до нејзина санација

- покривање со соодветен материјал на површината на депониите со HCH изомерен отпад на ОХИС на кои нема да се работи во 2018

- испитување на крвта на предпубертетски деца од Скопје за присуство на HCH изомери, линдан

- ангажирање на надворешни стручни лица, одобрени од и кои заедно со претставниците од граѓанските здруженија Здрава котлина, Еко Долина, Еко Правда, Полимат 13, Спас за Нас ќе ги анализираат документите за концесија на рудниците Иловица, Казандол и сите другите во источна Македонија за во **најбрз** можен рок да ги утврдат сите недостатоци и основа за раскинување на сите концесии за бакар и злато

- можни судски спорови и обештетување при раскинување на концесиите за експлоатација на металички минерални суровини, примарно Иловица и Казандол

- ремедијација на загадената почва, урбана и земјоделска површина во Велес, Скопје, Битола и др. места

- брза и потполна санација на недостатоците на колекторот и пречистителниот систем на отпадни води во Охрид. Детектирање на местата на мешање на фекална и атмосферска вода и пренасочување на истата во колектор. Продолжување на колекторската мрежа на оние зони од крајбрежјето каде истата недостасува (потег Пештани - Св. Наум и Струга - Радожда)

- изработка на физибилити студија за враќање на реката Сатеска, која е еден од најголемите загадувачи на Охридското Езеро, во старото корито. Прочистување на нејзините води од седименти преку делумна ревитализација на Струшкото блато како исклучително значаен екосистем

- решавање на сите диви приклучоци во Сушица од Велгошти до Грашница

- отстранување на сите дивоградби и платформи изградени во езерото и во заштитниот појас од 50м од брегот, мораториум за градење на Охридското крајбрежје

- одстранување на шутот од затрупани делови на Студенчишкото блато и негова целосна ревитализација

- затворање и реклутивирање на сите депонии кои немаат дозвола за отстранување на отпад и отстранување на сите илегални/диви одлагалишта

- воведување на услуги за редовно собирање на отпад во сите населени места и воспоставување на систем за селекција на отпад

- подобрено оперирање, поблиску до ЕУ стандардите, со депониите кои ќе останат активни до отворање на Регионалните стандардни депонии, со приоритет на најризичните депонии

- средства за намалување на аерозагадувањето во Скопската агломерација како приоритетна*, преку вложување во зголемен и чист јавен транспорт, топлински пумпи, енергетска ефикасност, фотоволтаични панели, субвенции за премин на возила на гас,обучување на доволен број на инспектори на градско и општинско ниво кои ќе можат да вршат индикативни и контролни мерења, односно земат примерок за анализа во акредитирана лабораторија, масовно зазеленување на Скопје со видови кои апсорбираат загадувачки супстанци и го намалуваат ефектот на климатските промени, пошумување на оголените делови на Скопска Црна Гора, изработка на густа и безбедна велосипедска мрежа по предлог на стручни лица со искуство на темата
* Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија за период од 2013 до 2018, СВ бр. 170/2012, согласно член 25, 29, 63 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух

- мобилни мерачи за контрола на емисии од подвижни извори на загадување

- референтни мерења на тешки метали, бензен, бензо(а)пирен во Скопје, Битола, Тетово, Куманово и другиурбани, населени места во близина на рудници и загадувачка индустрија

- редовни мерења на НСН изомери, диоксини и други POPs

- замена на сите нефункционални инструменти со нови во постоечките мониторинг станици и дополнување со инструменти за озон и PM2.5 онаму каде нема.

- поставување на нови мониторинг станици за мерење на квалитетот на воздухот во Прилеп, Штип, Пробиштип, Охрид, Струга, Радовиш, Дебар, Гевгелија, Крива Паланка

- обзнанување на податоците од автоматските мониторинг станици на загадувачите со нивно поставување на јавна веб страна за 24 часовен мониторинг

- утврдување на степенот и количството на кисели дождови и еутрофикација на територија на Р. Македонија

- формирање на Зелен Суд, специјално одделение во склоп на Судството заслучаи од животната средина, обучување на судии

- измена на законите и намена на средства од повеќе годишни буџети со цел да се овозможи целосно затоплување базирано на гас за најмалку 90% од сите резиденцијални и комерцијални објекти на цела територија на РМ со приоритет на Град Скопје до 2022

- стимулација (преку ДДВ-то) на сите индивидуални сопственици на објект за нивна реконструкција во енергетско ефиксани, реконструкција на државните објекти во енергетско ефикасни

- стимулација за користење топлински пумпи (повраток на ДДВ и сл.), градба на зелени покриви, замена на старите котли на дрва, јаглен или нафта со помалку загадувачи котли на гас, топлински пумпи и сл.

- изградба на фотоволтаична фарма за производство на електрична енергија со капацитет од најмалку 850 MW како дел од стратегиска инвестиција на ЕЛЕМ (повеќегодишен проект/буџет), стимулирање на изградба на ветерници, соларни централи со едноставна процедура

- масовно пошумување со повеќегодишни дрвја и растенија на секое слободно и дозволено место низ градовите и сите населени места, изградба на големи паркови во оклината на градовите

- постигнување на рокот од 2020 година за следните таргети од 2030 агендата за одржлив развој: 6.6, 12.4, 15.1, 15.2, 15.5, 15.9

Во спротивно, ќе ги

презememe сите правни чекори на располагање за покренување на постапки против Република Македонија за кршење на ратификуваните конвенции, Устав, човекови и права на детето, вклучително и до Европскиот суд за човекови права,

известиме ОХЦХР, Канцеларијата на Високиот комесар за човекови правана Обединетите Нации,

поднесеме жалби до Комитетот за правата на детето при Обединетите Нации и Комитетот на Обединетите Нации за човекови права,

повикаме Специјалниот известувач за импликациите по човековите права на еколошки здравото управување и депонирањето на опасните супстанции и отпадот, при Советот за човекови права на Обединетите Нации,

повикаме Специјалниот известувач за човековите права и животната средина, при Советот за човекови права на Обединетите Нации,

за утврдување на кршењето на човековите права и животната средина во случајот со рудниците Иловица и Казандол, РЕК Битола, УНЕСКО заштитениот Охрид со Охридското езеро, отворената депонија на згура на Топлиницата во Велес, кршење на правата на децата и аерозгадувањето преку несоодветното распределување на финансиските средства и нерешавање на проблемот на најбрз можен начин, не земајќи го предвид најдобриот интерес на децата, кршење на Конвенциите и непочитување на Декларациите и Резолуциите на Обединетите Нации во врска со климатските промени, опасниот отпад, загадувањето, биодиверзитетот, одржливиот развој, заштита на животната средина како за сегашните, така и за идните генерации.

Долу потпишаните,

ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА „О2 КОАЛИЦИЈА ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ“

Прва детска амбасада во светот Мегаши– Скопје

Еколошка Групација Грин Пауер – Велес

Еколошко здружение – Движење Еко Герила– Тетово

Здружение на граѓани Спас за Нас – Гевгелија

Здружение за развој, едукација и еколошка етика Полимат 13– Богданци

Еколошко Здружение Еко Правда– Валандово

Еколошко здружение Здрава Котлина– Струмица

Здружение Еко Долина– Ново Село

Граѓанска иницијатива„Struganët për Strugën/ Стружани за Струга“– Струга

Граѓанска иницијатива„Охрид SOS“ – Охрид

Граѓанска иницијатива „Куманово бара чист воздух / Kumanova kërkon ajër të pastërt“ – Куманово

Илија Балтовски – Битола

Душко Груевски – Битола